Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.

Бр./Nr. 02-150/13
28-04-2023 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 23 став 4 и член 26 од Законот за од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), а во врска со Огласот за вработување на определено време бр. 01/2023 до 31.12.2023 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", Директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" - Скопје донесе:

# О Д Л У К А
## за поништување на избор на кандидати по јавен оглас за вработување на определено време до 31.12.2023 година

1. **СЕ ПОНИШТУВА** изборот на кандидат во одлука за избор на работници на определено време бр.02-150/5-21 од 19.04.2023 година за работното место Дотурач под реден број 1. Тодор Шепендиев во Подружница "Бор" Кавадарци.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈП Национални шуми п.о. Скопје на ден 13.04.2023 година на огласната табла и на веб страната на јавното претпријатие ги објави одлуките за избор на кандидати по спроведената постапката за вработување на определено време по јавниот Оглас 01/2023 објавен на 01.03.2023г, спроведе постапка и според пристигнатите пријави, за горенаведените работни места поделени по Подружници се изврши избор на кандидатите наведени во одлуката бр. 02-150/5-21 од 19.04.2023 година. Избраниот кандидат на работно место Дотурач под реден број 1. Тодор Шепендиев бил повикан од службите во подружницата кој истакнал дека е управител на фирма која има склучено договор за сеча, дотур и превоз, поради што е консатирано дека постои судир на интереси, поради што истиот не е пријавен во АВРМ и не засновал работен однос.

Врз основа на наведеното, Директорот на ЈП „Национални шуми" - Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена сметано од денот на објавата на огласната табла и на интернет страната на ЈП „Национални шуми" – Скопје, до надлежен орган согласно закон.

**Доставено до :**
-Архива
-Правен сектор
-ПШС
-Агенција за вработување

**ЈП „Национални шуми" Скопје**
**Директор**
**Валентин Груевски**

CamScanner